OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

Врз основа на членот 38, став 1, точка 8, од Статутот на Охридска банка АД Скопје, Собранието на Охридска банка АД Скопје, на седницата одржана на ден 11.5.2017 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за именување на независен член на Надзорниот одбор**
**на Охридска банка АД Скопје**

1. За независен член на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје, се именува лицето:

– Цветанка Симоновска, од Скопје со број на лична карта издадена од МВР Скопје, со завршено високо образование – Економски факултет.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор трае 4 (четири) години.

3. На членот на Надзорниот одбор му припаѓа надоместок за учество и работа на седниците во висина определена со одлука на Собранието на Банката.

4. Се овластува Управниот одбор на Охридска банка АД Скопје да ја спроведе оваа одлука.

5. Оваа одлука ќе стапи на сила по издавањето претходна согласност од страна на гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

**СО бр. 0201-26237/10**
**11.5.2017 г.**
**Скопје**

**Собрание на**
**Охридска банка АД Скопје,**
**Претседавач**

ОХРИДСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
кон Предлог-одлуката за именување на независен член на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје

Во согласност со Законот за банките (Сл. весник на РМ бр. 67/2007, 90/2009, 67/2010, 26/2013, 15/2015, 153/2015 и 190/2016) и Статутот на Банката, Надзорниот одбор е орган на управување на Банката.

Именувањето на членовите на Надзорниот одбор го врши Собранието на Банката со одлука што стапува во сила по добивањето согласност од гувернерот на Народна банка на РМ.

Во согласност со Статутот на Банката, Надзорниот одбор се состои од 5 (пет) члена, од кои 3 (три) члена се од редот на акционерите и 2 (два) се независни членови.

Покрај ограничувањата наведени во членот 83 од Законот за банките, за член на Надзорен одбор не може да биде избрано и лице вработено во Банката.

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор изнесува 4 (четири) години.

Номинирањето на кандидатите го вршат акционерите на Банката со доставување предлог за кандидатите за членови на Надзорниот одбор и податоци за возраста, образованието и другите професионални квалификации, за работното искуство, за тоа во кои друштва биле или се членови на органи на управување, односно на надзорен одбор, и други поважни функции што ги вршеле и др., а податоците за предложените кандидати треба да се направат достапни за сите акционери најдоцна седум дена пред Собранието да пристапи кон избор.

Одлуката за именување на членовите на Надзорниот одбор се смета за донесена ако за неа се изјасниле мнозинството од акционерите што поседуваат акции со право на глас, претставени на Собранието.

Одлуката ќе стапи на сила по издавањето претходна согласност од страна на гувернерот на Народна банка на Република Македонија.